[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**ОПШТИНА БИТОЛА**

| Примено: | 20-02-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредн. |
| 11-36/1 | | | |

**До: Општина Битола**

**Б А Р А Њ Е**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Од [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)
Застапник / полномошник на [redacted]
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот барам да ни ги достави следните информации од јавен карактер:

**1. Име и презиме/назив на адвокати и адвокатски друштва чии услуги сте ги користеле во текот на 2023 година.**
**2. За секој поединечен адвокат/адвокатско друштво доставете ни ги износите на извршените исплати и основата за секоја исплата во текот на 2023 година.**
**3. Како е избран секој од адвокатите/адвокатско друштво чии услуги сте ги користеле?**

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго------------------------------------------------------------------------

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго------------------------------------------------------------------------

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Датум и место: Потп[redacted]

19.02.2024

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До

Бр.11-36/2

Пом.Раководител на сектор за правно-нормативни
Административни и општи работи

22.02.2024

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-36/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

______________________________

Евгенија Чукалева

______________________________

22.02.2024

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

До

Раководител на одделение финансиски прашања

Бр.11-36/3
22.02.2024

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-36/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

_______________________________

Евгенија Чукалева

_______________________________

22-02-2024

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 26.02.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 36/4 | | |

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**

**Бр. 11- 38**
**23.02.2024 год.**

**До**
**Лице за посредување при остварување**
**на слободен пристап до информации**
**од јавен карактер**

**ПРЕДМЕТ: Доставување на одговор**

**Врска: Ваш бр. 11-36/2 од 22.02.2024 година**

*Почитувани,*

По однос на поднесеното барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од [redacted] евидентирано под бр. 11-36/1 од 20.02.2024 година, Ве известувам дека договорите со адвокатите чии услуги ги има користено Општина Битола во текот на 2023 година се склучени врз основа на член 23 став (1) алинеја д) од Законот за јавните набавки.

*Со почит,*

**Сектор за правно - нормативни,**
**административни и општи работи**
**Помошник раководител**
Игор Талевски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 442 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 26.02.2024

| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 11 | 36/5 | | |

**Сектор за финансиски прашања**

До                                                          22-2/24
Сектор за правно-нормативни,административни и општи работи     26.02.2024
Одделение за административни и општи работи

ПРЕДМЕТ- Одговор на барање на пристап до информации од јавен карактер врз основа на Вашето барање бр.11-36/3 од 22.02.2024

1.Во 2023 година имаме склучено два договори за адвокатски услуги и тоа со адвокат Јован Лалевски и адвокат Здравко Камбовски.

2. Кон адвокат Јован Лалевски во 2023 година имаме исплатено за адвокатски услуги во вредност од 268.808,00ден.
Вредноста се состои од паушал за 12 месеци со вредност 127.440,00ден. и трошоци за добиени предмети по правосилност со вредност 141.368,00ден.кои трошоци Општина Битола ги наплати или ги побарува од странките.

Кон адвокат Здравко Камбовски во 2023 година имаме исплатено за адвокатски услуги во вредност од 224.762,00ден.
Вредноста се состои од паушал за 12 месеци со вредност 108.000,00ден. и трошоци за добиени предмети по правосилност со вредност 116.762,00ден. кои трошоци Опшина Битола ги наплати или ги побарува од странките.

Кон адвокат Васко Талевски во 2023 година имаме исплатено за адвокатски услуги во вредност од 203.221,00ден. за започнати предмети кои се сеуште во тек во судовите во Скопје.

Битола
26.02.2024

Одделение за сметководство
Толевска Олга

---------------------------------------

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 328 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА
**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-36/6
28.02.2024

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барател[redacted] поднесено на **20.02.2024 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УВАЖУВА** барањето на[redacted]о барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-36** од **20.02.2024 година**, каде бара инофрмација за повеќе Урбанистички планови од Општина Битола.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот[redacted]поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под број 11-36 на ден 20.02.2024 година. Во барањето наведе дека бара инофрмација за Име и презиме/назив на адвокати и адвокатски друштва чии услуги сте ги користеле во текот на 2023 година, извршените исплати и како е избран секој од адвокатите чии услуги сте ги користеле.

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1. Копија од барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-36/1 од - 20.02.2024
2. Допис до Пом. Раководител на сектор за правно-нормативни административни и општи работи со бр. 11-36/2 од 22.02.2024 година
3. Допис до Раководител на одделение за финансиски прашања со бр. 11-36/3 од 22.02.2024 година
4. Одговор од Пом. Раководител на сектор за правно-нормативни административни и општи работи со бр. 11-36/4 од 26.02.2024 година
5. Одговор од Одделение за финансиски прашања со бр. 11-36/5 од 26.02.2024 година.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 28.02.2024 година, под бр. 11-36/6

**Службенено лице за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**

______________________

**Евгенија Чукалева**

______________________

Република Северна Македонија · Општина Битола